| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1. | Тодоровиќ Љ и сар. | Орална хирургија | Београд: Наука | 2007 |
| | | 2. | Crispian Scully | Scully's Medical Problems in Dentistry (Seventh Edition) | Churchill Livingstone / | 2014 |
| | | 3. | Miodrag Gavric | Maksilofacijalna hirugija | Izdavacka agencija Draganic, Beograd | 2004 |

| Прилог бр.3 | | Предметна програма од прв циклус на студии | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Максилофацијална хирургија | | | |
| 2. | Код | ДМЗМХ5 | | | |
| 3. | Студиска програма | Дентална медицина - интегрирани студии од прв и втор циклус | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | УКИМ-Стоматолошки факултет- Скопје, Катедра по максилофацијална хирургија | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Интегрирани студии од прв и втор циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 5 и 6 | семестар | 10 и 11 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 8 | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Одговорен наставник: Проф. д-р Антонио Кирков<br>*наставата ја изведуваат сите наставници од катедрата | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | - ислушани сите задолжителни предмети од четврта година и положени сите задолжителни предмети од трета година.<br>- положен писмен тест и положени предметите ортодонција, орална хирургија и орална медицина. | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | Стекнување на пошироки познавања за патологијата која е во домен на максилофацијалната хирургија. Студентот да стекне вештини за земање анамнеза, клинички преглед, поставување дијагноза, како и практични вештини за пружање прва помош, преврски, завои, сутури, имобилизација на скршеници, детектирање (рано) на тумори и др. | | | |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | Теоретска настава -предавања<br>**1.Поглавје - Вовед во максилофацијална хирургија**<br>Анамнеза и физикален преглед на пациент. Предоперативна евалуација на здравствен статус на пациенти со посебен осврт на пациенти со компромитирано здравје. Менаџмент на хоспитални пациенти. .................................2 часа<br>Базични принципи на хирургија. Асептични техники.<br>Инцизија, хемостаза. Рани, видови на рани, третман на рани - шевови (видови). Зараснување на меки и коскени структури 2ч.<br>*Резултати од 1 поглавје:* студентот ќе се запознае со специфичностите во анамнезата, физикалниот преглед, евалуацијата на здравствениоит статус на пациентите и со базичните принципи во хирургијата<br>**2. Поглавје – Воспаленија и инфекции во маскилофацијалната регија**<br>Комплексни одонтогени инфекции.Етиологија, патогенеза, клиничка слика, дијагноза, видови и општи принципи на третман на акутни одонтогени инфекции. ................ 2<br>Комплексни одонтогени инфекции по анатомски ложи. Анатомија, етиологија, патогенеза, клиничка слика, дијагноза, и третман на акутни одонтогени инфекции по анатомски ложи 2ч.<br>Воспаленија на плунковни жлезди. Анатомија, етиологија, | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | патогенеза, клиничка слика, дијагноза и третман на воспаленијата на плунковните жлезди. Сијалолитијаза. ....2часа<br>Остеомиелити. Коскени воспаленија. MRONJ. Етиологија, патогенеза, клиничка слика, дијагноза и третман. ......... 2<br>Коскени лезии на вилиците.Етиологија, патогенеза, клиничка слика, дијагноза и третман…………. 2<br>Одонтогени синузити. Етиологија, патогенеза, клиничка слика, дијагноза и третман…………. 2<br>*Резултати од 2 поглавје:* студентот ги освежува своите познавања од анатомија и ќе се запознаесо акутните и хроничните инфекции на плунковните жлезди, горновилишниот синус, вилиците и инфекции со одонтогено потекло.<br>**3. Поглавје - Трауматологија во маскилофацијалната регија**<br>Повреди на меки ткива и дентоалвеоларен комплекс. Етиологија, патогенеза, дијагноза, клиничка слика, класификација и третман; ……….2<br>Фрактури на долна вилица. Етиологија, патогенеза, класификација, клиничка слика, дијагноза и третман. ........... 2<br>Фрактури на горна вилица. Етиологија, патогенеза, класификација, клиничка слика, дијагноза и третман. ........... 2<br>Фрактури на јаболчна коска. Етиологија, патогенеза, класификација, клиничка слика, дијагноза и третман. ........... 2<br>*Резултати од 3 поглавје:* студентот ги освежува своите познавања од анатомија ќе се запознае со трауматологијата на лицево-виличните коски, како и на меките ткива во максилофацијалната регија.<br>**4. Поглавје - Лицевовилични скелетни деформитети**<br>Лицевовилични скелетни деформитети. Етиологија, класификација и клиничка слика. Евалуација на пациенти. Мултидисциплинарен пристап во третманот и поделба на оперативни техники............ 2<br>*Резултати од 4 поглавје:* студентот ќе стекне познавања залицевовиличните скелетни деформитети, соодветните оперативните техники за нивно решавање и неопходноста од мултидисциплинарен пристап во нивниот третман.<br>**5. Поглавје – Тумори во во маскилофацијалната регија**<br>Принципи на дијагностика и диференцијална дијагностика на орални лезии и тумори. Биопсија и видови на биопсија, Хируршки третман............ 2<br>Малигни епителни тумори во максилофацијалната регија. Видови. Етиологија, патогенеза, дијагноза, клиничка слика, класификација, TНМ стејџинг и рана детекција ................ 2<br>Третман на малигни епителни тумори во максилофацијалната регија. Оперативни техники во третман на примарниот тумор. Оперативни техники во третман на метастази. ………. 2<br>Тумори на саливарни жлезди. Етиологија, патогенеза, дијагноза, клиничка слика, класификацијаи третман. Оперативни техники.2<br>Одонтогени тумори, епителни, мезенхимални, мешани и малигни. Етиологија, патогенеза, дијагноза, клиничка слика и третман. Видови на хируршки третман – енуклеација и ресекција (маргинална, парцијална, хеми- и тотална). ......... 4<br>Мезенхимални тумори во максилофацијалната регија – бенигни и малигни. Видови, клиничка слика, дијагноза и третман...... 2<br>Конгенитални цисти. Мекоткивни цисти. Лимфаденопатии, лимфоми. Етиологија, патогенеза, дијагноза и диференцијална дијагноза, клиничка слика, класификацијаи третман. .......... 2<br>Дефекти на меки и коскени структури. Конзерaвтивен третман – епитези и обтуратор протези. Хируршки реконструктивен третман - графтови. ……. 2<br>*Резултати од 5 поглавје*: студентот ги освежува своите познавања од анатомија и ќе се запознае со туморската патологија во максилофацијалната регија, при што посебен акцент е ставен на оралниот карцином и неговата рана детекција како најчест малиген тумор со стоматолошката пракса. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **6. Поглавје – Конгенитални аномалии (расцепи) на усната, вилиците и непцето.**<br>Расцепи на усните, вилиците, тврдото и меко непце. Ембриологија, етиологија, патогенеза, дијагноза, клиничка слика и поделба на расцепите. Значење на мултидициплинарен третман.Видови на хируршки третман. ............... 2<br>*Резултати од 6 поглавје:* студентот ќе стекне познавања за вродените аномалии на меките и коскените структури во максилофацијалната регина, менаџирање на пациентите со расцеп, како и од неопходноста за мултидисциплинарен пристап во нивниот комплексен третман.<br>**7. Поглавје – Болни состојби во максилофацијалната регија и патологија на темпоромандибуларниот зглоб.**<br>Болни состојби во максилофацијалната регија. Физиологија на болка, етиологија, дијагноза, диференцијална дијагноза, класификација, клиничка слика и третман. ………. 2<br>Фацијална неуропатологија. Фацијални неуралгии. Етиологија, дијагноза, диференцијална дијагноза, клиничка слика и третман. Пареза на лицев нерв. ………. 2<br>Заболувања на темпоромандибуларниот зглоб. Воспаленија, дисфункции, траума и тумори на ТМЗ. Етиологија, патогенеза, дијагноза, клиничка слика и третман. …….. 4<br>*Резултати од 7 поглавје:* студентот ќе стекне познавање заболните состојби во максилофацијалната регија со акцент на нивната диференцијална дијагноза, каде нарушувањата на ТМЗ се значјно застапени.<br>**8. Поглавје – Ретки заболувања, претпротетска хирургија и актуелности во максилофацијалната хирургија**<br>Претпротетска хирургија на мекотквивни и коскени структури. Индикации и видови на третман. …….. 2<br>Ретки заболувања и синдроми во максилофацијалната регија. Етиологија, дијагноза, клиничка слика и третман. …….. 2<br>Актуелности во максилофацијалната хирургија. Нови и современи актуелни дијагностички и тераписки достигнувања кај заболувањата на максилофацијалната регија. ……… 2<br>*Резултати од 7 поглавје:* студентот ќе стекне познавање претпротетската хирургија и ретките заболувања во максилофацијалната регија и ќе се запознае со најновите дијагностички и тераписки достигнувања во максилофацијалната хирургија. .<br>**Вкупно: .............................................................60 часа**<br><br>**Практична настава-вежби**<br>- Од првото поглавје .................. 4 часа<br>- Од второто поглавје ............. 14 часа.<br>- Од третото поглавје ............ 14 часа.<br>- Од четвртото поглавје .......... 4 часа.<br>- Од петото поглавје .............. 14 часа.<br>- Од шестото поглавје ............. 2 часа.<br>- Од седмото поглавје ............... 6 часа.<br>- Од осмото поглавје ................ 2 часа.<br>Студентот ќе биде спремен самостојно да зема анамнеза и да спроведе физикален преглед, од кои ќе може да препознае пациенти со ризик од заболување за кое треба да ги упати на соодветен специјалист, а кај одредени заболувања (повреди, инфекции) да пружи прва помош и да даде медикаментозна терапија.<br>**Вкупно ....................................................................60 часа** |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | Поврзаност со анатомија, фармакологија, анестезија и седација, клиничка радиологија, ортодонција, интерна медицина, оториноларингологија, хирургија. |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за | Интерактивна настава, вежби лабораториски или клинички, работа во мали групи, презентирање и изведување на лабораториски постапки, |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | предметот | демонстрирање на инструменти и методи кои се користат, тимска работа ( спрема спецификите на предметот) | | | | |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 240 часа | | | | |
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања- теоретска настава. часови | | 60 часа | |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови | | 60 часа | |
| | | 16.3. | Пракса: часови | | | |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | | | |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | | | |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | | 120 часа | |
| 18 | Услови за потпис | Редовност на теоретска настава (присуство на минимум 60% од настава): 1-5 бодови<br>Редовност и активност на практична настава (студентот има право на отсуство на две вежби): 3-5 бодови | | | | |
| 19 | Начин на оценување | | | | | |
| | 19.1. | Тестови: бодови | | | Тест 1 – 15 бодови<br>Тест 2 - 15 бодови | |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | | | 5 бодови | |
| | 19.3. | Завршен испит: практичен и устен дел | | | 10+45 = 55бодови | |
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | до 59 бода | | 5 (пет) (F) | |
| | | | од 60 до 68 бода | | 6 (шест) (E) | |
| | | | од 69 до 76 бода | | 7 (седум) (D) | |
| | | | од 77 до 84 бода | | 8 (осум) (C) | |
| | | | од 85 до 92 бода | | 9 (девет) (B) | |
| | | | од 93 до 100 бода | | 10 (десет) (A) | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот | | | | |
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Miodrag Gavric | Maksilofacijalnahirugija | Izdavacka agencija Draganic, Beograd | 2004 |
| | | 2. | James R.Hupp, Edward Ellis III, Myron R. | Contemporary Oral and Maxillofacial Surgery, 6th Edition | Elsevier | 2014 |
| | | 3. | Предметни наставници | Авторизирани предавања | | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Michael Miloro, GE Ghali, Peter Larsen, Peter Waite | Peterson's Principles of Oral and Maxillofacial Surgery, Third Edition | PMPH USA | 2011 |

| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Фокалоза |
| 2. | Код | ДМИФО5 |
| 3. | Студиска програма | Дентална медицина - интегрирани студии од прв и втор циклус |
| 4. | Организатор на студиската | УКИМ-Стоматолошки факултет –Скопје, |